Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

ДРЖАВЕН САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Сектор за инспекциски надзор

Бр.04-784/5
15.05.2023 год.
Скопје

**ЗАПИСНИК**

**за спроведен практичен дел на испитот за стекнување со лиценца инспектор**

Согласно чл.43 од Законот за инспекциски надзор ( „Службен весник на РСМ„ бр.102/19) и Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор ( „Сл.весник на РСМ„ бр. 238/19 и 167/21) на ден 15.05.2023 год.со почеток во 10.00 часот во службените на ДСЗИ - Скопје , пред Комисија формирана од Директорот на Државниот санитарен и здравствен инспекторат со архивски бр.04-872/1 од 25.04.2023 год. се спроведе практичен дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор.

Комисијата е во состав:
1. дипл.инг.технолог Влатко Серафимов – претставник од Инспекциски совет.
2. д-р Ибраим Хазари - ментор на кандидатот ,
3. д-р Лилјана Ристовска Деспотовска – Генерален инспектор и
4. д-р Весна Николовска Димитровска – Главен инспектор

Д-р Оливера Јендроска Стерјоска , кандидатот за полагање на практичен дел од испит за стекнување со лиценца, за звање советник инспектор во ДСЗИ ПО Тетово, избра симулација на редовен инспекциски надзор во ПЗУ – ординација по општа стоматологија во мрежата на здравствени установи ,согласно Законот за здравствена заштита, Законот за заштита на населението од заразни болести, Законот за заштита на правата на пациентите , Законот за евиденции во областа на здравството , Закон за управување со отпадот , Закон за заштита од пушење и Законот за санитарната и здравствената инспекција , .


Државен санитарен и здравствен инспекторат
Министерство за здравство
ул.„50 та Дивизија„ „бр 14 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 33121146
www.dszi.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за здравство**
ДРЖАВЕН САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ
Сектор за инспекциски надзор

Испитот се спроведе согласно чл.8 од Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување на лиценца за инспектор ( „Сл.весник на РСМ„ бр. 238/19 и 167/21) при што кандидатот за инспектор д-р Оливера Јендроска Стерјоска изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекцискиот надзор, со изготвување на акти, затворање и документирање на инспекцискиот надзор .

По презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот д-р Оливера Јендроска Стерјоска Комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

- Планирање и подготовка на инспекцискиот надзор-15 бода;
- спроведување на инспекцискиот надзор -30 бода;
- затворање на инспекцискиот надзор- 30 бода и
- документирање на инспекцискиот надзор -15 бода

Врз основа на наведеното, Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор д-р Зорица Николова, освои вкупно 90 бода со што го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Полагањето на практичниот дел од испитот се реализираше во време:
-почеток во 10,00 часот на ден 15.05.2023 год
-завршување во 12.00 часот на ден 15.05.2023год.

Комисија за полагање практичен дел од испит

1. дипл.инг.технолог Влатко Серафимов ____________
2. д-р Ибраим Хазари ____________
3. д-р Лилјана Ристовска Деспотовска ____________
4. д-р Весна Николовска Димитровска ____________


Државен санитарен и здравствен инспекторат
Министерство за здравство
ул.„50 та Дивизија„ „бр 14 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 33121146
www.dszi.gov.mk